Натура МК

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2021

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО ВО **2021** ГОДИНА

## СОДРЖИНА


**За Здружението** **3**

**Реализирани проекти и активности** **4**

Здружено против нелегални активности во тешко пристапните терени на заштитените подрачја 4

Подготовка на план за управување на предложениот нов Национален парк во Северна Македонија, на територијата на Шар Планина 4

Подобрување на управувањето со заштитените подрачја во Северна Македонија 5

Зборува Шара 6

Консултантски услуги за ПОНТ стратешка рамка за поширокото охридско подрачје 6

**Финансиско работење во 2021 година** **7**

Биланс на приходи 7

# 1 За ЗДРУЖЕНИЕТО

Натура МК е непрофитно здружение на граѓани, основано во 2018 година од група ентузијасти која го гради своето искуство првично преку индивидуалните искуства на своите членови. Организацијата е во тесна соработка со локални партнерски организации, здруженија, фондации и институции и е активна на локално ниво, како и на национално ниво во соработка со релевантните државни институции.

## Визија

Да создаде поинаков свет во кој луѓето живеат во хармонија со природата.

## Мисија

Да застапува, спроведува и поддржува решенија со кои луѓето ќе бидат подобро поврзани со природата.

## Области на делување

- Зајакнување на капацитетите за одржливо користење и заштита на природните ресурси;
- Спроведување на истражувања, анализи и студии;
- Лобирање и застапување;
- Унапредување на рурален развој и алтернативен туризам;
- Промоција и унапредување на екологијата, спортот и образованието;
- Поттикнување на филантропијата и волонтерството.

## Оганизациска структура

Организацијата моментално брои 14 членови со диверзифицирано искуство, 8 волонтери, еден вработен координатор на проекти и по потреба ангажирани лица за поддршка во одржување на видливоста и финансиското работење.

Со Здружението управуваат Собранието, Надзорниот Одбор и Претседателот. Собранието е највисок орган на здружението и извршува работи кои се во согласност со Статутот и со општите акти на организацијата. Претседателот на Здружението законски ја застапува организацијата, додека Надзорниот Одбор составен е од три члена кои за својата работа одговараат пред Собранието на здружението и во секое време ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна. Натура МК има едно постојано вработено лице кое го координира спроведувањето на тековните проектни активности со поддршка на уште неколку лица кои се ангажираат по потреба.

# 2 Реализирани ПРОЕКТИ и АКТИВНОСТИ

Од своето основање во 2018 година до крај на 2021 година, организацијата демонстрира позитивен развоен тренд. Почнувајќи од волонтерски ангажмани и мал реализиран проект во 2019 година веќе во 2021 година се забележува голем напредок во спроведените реализирани проекти и активности од неколку аспекти. Проектните активности се финансирани од диверзифицирани донатори, организацијата станува се попрепознаена во секторот и ја гради својата експертиза преку постојана соработка со стручни лица според програмата усвоена во 2020 година.

## Постигнати резултати во 2021 година

***Здружено против нелегални активности во тешко пристапните терени на заштитените подрачја***

Во соработка со заштитените подрачја НП Галичица, НП Маврово и ЗП Вевчански извори, Натура МК го спроведе проектот "Здружено против нелегални активности во тешко пристапните терени на заштитените подрачја." во рамките на грантовата шема од проектот „Заштитени подрачја за природата и луѓето II 2019-2022 година"спроведуван од Светскиот див фонд Адрија - WWF Adria и финансиран од Шведската меѓународна агенција за развој и соработа - SIDA. Проектот се спроведе во периодот од март до декември 2021 година и се постигнаа четири резултати:

- Зголемена јавна свест за потребата од намалување на нелегални активности во високопланинските предели во заштитените подрачја преку социјалните медиуми, со информативни постови и видео со цел да јавноста се вклучи поактивно во борбата со нелегалните дејствија кои и штетат на природата.
- Подготовен извештај за состојбата со нелегалните активности кои и штетат на природата во високопланинските предели на заштитените подрачја.
- Мониторинг на заштитени подрачја преку примена на нови технологии со беспилотно летало - дрон.
- Воспоставување на потесна соработка помеѓу волонтерите од локалната заедница и управувачите на заштитените подрачја.

***Подготовка на план за управување на предложениот нов Национален парк во Северна Македонија, на територијата на Шар Планина***

Во периодот од април 2021 година до октомври 2021 година, Натура МК беше ангажирана од Меѓународната унија за зачувување на природата – IUCN, да обезбеди поддршка при подготовката на планот за управување на предложениот нов Национален парк во Северна Македонија, на територијата на Шар Планина.

Во рамките на ангажманот се спроведоа следните активности:

- Финализирање на методологијата за развој на план за управување со предложеното заштитено подрачје;

# 2 Реализирани ПРОЕКТИ и АКТИВНОСТИ

- Придонес во подготовка на делови од нацрт планот за управување;
- Поврзување со локалните власти и локалните засегнати страни;
- Придонес во подготовката на програмите во рамките на планот за управување;
- Обезбедена комуникациска поддршка помеѓу проектниот тим и локалните засегнати страни;
- Обезбедена логистичка поддршка за реализација на проектните активности и експертскиот тим;
- Организација и фасилитирање на работилници за консултации со засегнатите страни.

Сите задачи беа спроведени во соработка со IUCN, клучниот експерт и во директна комуникација со сите засегнати страни на сите нивоа во регионот Шар Планина.

Во насока на добро управување со локалните ресурси, оваа иницијатива имаше за цел да придонесе кон создавање соработка помеѓу локалните засегнати страни и идното управување со националниот парк. Активноста на проектот се спроведе во рамките на проектот „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку воспоставување и ефективно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето". Проектот е финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ), спроведен преку Програмата за животна средина на ООН (УНЕП), главен партнер и корисник е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), додека партнер во спроведувањето на оваа проектна активност се IUCN и Натура МК.

***Подобрување на управувањето со заштитените подрачја во Северна Македонија***
Натура МК спроведува две активности во периодот од април 2021 година до јуни 2021 година кои придонесоа за подобрување на управувањето со заштитените подрачја во земјата и тоа:

- Програма за обука за ренџери на заштитени подрачја во Северна Македонија;
- Кампања за информирање насочена кон локалното население кое живее на Шар Планина.

Активностите беа организирани во рамките на проектот „Проект за постигнување зачувување на биолошката разновидност преку создавање и ефективно управување со заштитени области и вклучување на биодиверзитетот во планирање на употребата на земјиштето", финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ) и спроведен преку Програмата за животна средина на ОН (УНЕП), со Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) како главен партнер и корисник.

# 2 Реализирани ПРОЕКТИ и АКТИВНОСТИ

***Зборува Шара***
Подобрување на информираноста на локалното население и подигање на јавната свест за Националниот Парк Шар Планина.

Во рамките на Програмата за инвестирање во животната средина за 2021 година на Министерството за животна средина и просторно планирање, Натура МК го спроведе проектот „Зборува Шара" во периодот од 25.05.2021 до 25.10.2021 година. Главна цел на проектот беше да ја подобри информираноста на локалното население и да се подигне јавната свест за бенефитите и дозволените/забранетите активности, како и нивната вклученост во заштитата на Националниот Парк Шар Планина. Информираноста на локалното население се постигна преку следните два резултати:

1. Подготвен сет на информативни алатки со кои ќе се пренесат придобивките и можните ограничувања од идниот национален парк;
2. Промовирани материјали и подигната свест кај локалното население.

Проектните резултати беа насочени кон локалното население од планински села долж целата територија на Шар Планина со фокус на сточари, сопственици на шуми, ливади, земјоделско земјиште и собирачи на други шумски производи и даватели на туристички услуги.

***Консултантски услуги за ПОНТ стратешка рамка за поширокото охридско подрачје***
Во периодот на септември 2021 година беа извршени консултации со сите засегнати страни од поширокото охридско подрачје за подготовката на стратешката рамка на ПОНТ. Засегнатите страни беа информирани за можностите за аплицирање на проекти финансирани од ПОНТ.

## Дополнителни активности
Вмрежување со други организации, застапување на Здружението на настани и подготовка на проектни апликации.

# 3 ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ во 2021 година

Основен извор на приходи во 2021 година со кои се остваруваат целите на Здружението се донации и консултански услуги. Важно да се напомене е зголемената диверзификација на донаторите во 2021 година и тоа IUCN, PONT, WWF и UNEP. Вкупниот приход во 2021 година е остварен со цел да се спроведат неколку проекти и проектни активности и изнесува 3.208.925 денари.

## Биланс на приходи






Натура МК

Здружение за застапување, спроведување
и поддршка на решенија со кои луѓето
ќе бидат подобро поврзани со природата
**НАТУРА МК** Скопје

**Адреса**
Бул. Видое Смилевски Бато бр. 39/26
1000 Скопје, Р С Македонија

**Контакт**
Т:  +389 75 341 131
@:  contact@naturamk.org

**www.naturamk.org**